Slow Food® Macedonia

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА
2023



www.slowfood.mk
www.slowfood.com

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4
Визија и мисија 4
Организациска структура и органи 6
Слоу Фуд Македонија низ бројки 7
СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА ВО АКЦИЈА 8
АКЦИЈА: ЦВЕТНИ БОМБИ 8
ФЕСТИВАЛ НА ДИВИТЕ СМОКВИ 11
ФЕСТИВАЛ НА БИОДИВЕРЗИТЕТ 13
ВКУСИ ЈА ТРАДИЦИЈАТА 14
ВКУСОТ НА БУКОВО 17
МЛЕКО 2023 19
CHEESE 2023 21
НОВОГОДИШЕН СЛОУ ФУД БАЗАР 23
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ 24
ВОДИЧ ЗА ПРИМЕНЕТА ФЛЕКСИБИЛНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО И СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА ОД МАЛ ОБЕМ 24
ПОЛЖАВЧЕ 26
УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ 27
АЛИЈАНСА НА ГОТВАЧИ 27
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШАЈ 28

Slow Food® Macedonia

Издавач:
Slow Food Macedonia © 2023

Подготвиле:
Ана Караманди
Елена Каровска Гошевска
Николче Николовски

Фотографија:
Архива на Slow Food Macedonia

ВОВЕД

Слоу Фуд во Македонија за првпат се појавува во 2008 година со основањето на првиот конвивиум за да десет години подоцна се основа и Националната организација на Слоу Фуд во Македонија. Националната организација на Слоу Фуд во Македонија е основана со цел да го продолжи работењето на конвивиумите и младинската мрежа на едно повисоко ниво. Во фокусот на делувањето се два концепти: заедниците и биодиверзитетот.

Со ретроспектива во последните десет години не само што е видлива огромната сила на заедниците туку и нивната поврзаност со биодиверзитетот и неговата заштита. Слоу Фуд ги поддржува проектите како Арка на вкусови и Президиуми, а паралелно ги мапира, едуцира и заштитува малите производители и нивните традиционални производства и техники кои се иднината во светот на храната во овие периоди на кризна состојба. Ова е и една од причините поради кои Националната организација работи со константна брзина кон реализација на планираните активности. Националната организација е раководена од Национален одбор (НО) и Национален совет (НЦ) во кој се вклучени лидерите на сите конвивиуми.

Визија и мисија

Визија: Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.
Мисија: Преку едукација, кампањи и промоција градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Опфати и цели:
Националната организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола делува во согласност со принципите утврдени во Манифестот на Слоу Фуд со Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“ за да му го овозможи на секого правото на задоволство од храна, без поглед на пол, раса, јазик, религија, политичко мислење, лична и општествена положба.

Ова неприкосновено право е поврзано со обврската за политичка, економска и социјална солидарност кои овозможуваат заштита и зачувување на заедничките материјални и нематеријални добра со што би се овозможило нивно правично споделување.

„Слоу Фуд Македонија“, Битола ќе се бори за суверенитет во сите негови форми и ќе ја унапредува заштитата на биолошката и културна разновидност на храна со почитување на трудот, животната средина и поврзаноста на луѓето со тоа, преку:

- Промоција на правото на добра, чиста и правична храна за сите, што подразбира:
- вкус, квалитет, еколошката одржливост на процесот на производство, дистрибуција и потрошувачка, почитување на социјалната правда и достоинство на сите луѓе кои се вклучени во синџирот на исхрана;

- Обрана на правото на суверенитет на храната;
- Здобивање со право на достоинство прашањата поврзани со храната, пијалоците, исхраната и гастрономските науки во целина;
- Промовирање на заштитата на природната и културна биолошката разновидност;
- Идентификување на прехранбените производи и методи на производство поврзани со територијата, промовирање на нејзината улога како заедничко средство;
- Работа на заштита на законитоста во производството, дистрибуцијата и потрошувачката на храна;
- Придонес за создавање на култура на здравјето, како јавно добро, да се брани и заштитува, со пристап до храна и балансиран начин на живот, ориентиран и кон квалитет, разновидност, умереност;
- Едукација за храна и тренинг на сетилата за да бидат оспособени, со цел да се прави одговорен избор на храна, особено на помладата генерација;
- Намалување на отпадот и фрлената храна;
- Промоција на практиките кои ја почитуваат благосостојбата на животните;
- Активности за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; борба против климатските промени, истакнување на врската помеѓу производството и потрошувачката на храна и ресурсите од животната средина.
- Промовирање на практики за повисок квалитет на живот, изработени од почитувањето на сезоните, животната средина и здравјето на потрошувачите, поттикнување на користењето на овие производи кои претставуваат максимален израз на квалитет;
- За поддршка на целосно почитување на културниот идентитет;
- Подобрување на моделите на локалната економија преку производство на храна;
- Документирање и репродуцирање на локалната меморија, а особено традиционалното знаење поврзано со светот на храната;
- Придонес во развивање на мрежите на Тера Мадре Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија и нивно понатамошно вмрежување на меѓународно ниво;
- Придонесе за развој на меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
- Спроведување на меѓународни проекти за соработка во насока на унапредување на правото на добра, чиста и правична храна;

Активности и задачи:

Остварувањето на целите од член 3 на статутот, Слоу Фуд Македонија ги реализира преку:

- Координација и работа на истражувачки проекти, каталогизација и промоција за заштита на биолошката разновидност на храната, борбата против растечката стандардизација на потрошувачката, промоција, организирање и учество во проекти за развој на еколошки форми на земјоделството;
- Промовирање и поддршка на иницијативи со цел за зачувување и подобрување на историскиот и културниот идентитет на регионите, кои се поврзани со одредено специфично производство, особено преку воспоставување на Президиуми за заштита на биолошката разновидност;

- Промоција на употребата на локални производи преку иницијативите кои се залагаат за скратување на синџирот на дистрибуција, директна врска меѓу производителот и копроизводителот, организирање на активности за гастрономски и вински туризам;
- Развој на мрежа на односи, активности и иницијативи на локално и на меѓународно ниво меѓу заедниците на храна, која е формирана од страна на сите учесници во секторот за производство и преработка на храна;
- Промоција, организација и координација на кампањи, комуникација и настани за подигнување на свеста, како и активности за застапување;
- Промоција, организација и учество во едукативни активности, во училиштата и универзитетите, преку истражувачки проекти, координација и обука, во насока на целосна имплементација на правото на образование, здравствена едукација, сензорна едуакција и развој на правилна култура на храна.
- Унапредување и организација на едукативни размени;
- Организација на програми за едукација за храна помеѓу членовите, заедно со производителите и експертите со цел пошироки познавања на историските корени и производните процеси од областа на курсот,
- Стимулирање на иницијативи за подобрување на секојдневна исхрана
- Работа со волонтери кои даваат придонес во заедницата и кои придонесуваат за постигнување на целите на организацијата,
- Учествуво на национални и меѓународни настани и конференции, форуми, и саеми;
- Обезбедување на фондови за поддршка, тинк-тенкови, издаваштво и промотивни иницијативи; вклучување во сите активности кои не се во спротивност со определбите на организацијата.

Организациска структура и органи

Националната организација Слоу Фуд Македонија е дел од мрежата на Слоу Фуд (Slow Food), меѓународна, не-профитна организација со 100.000 членови и поддржувачи во 160 земји во светот, кои делуваат во промоција на филозофијата за „добра, чиста и правична храна“.
Статутот на Националната организација Слоу Фуд Македонија е усогласен со статутот на меѓународната организација, а статутите на локалните конвивиуми – здруженија (членки на сојузот) се усогласени со статутот на Слоу Фуд Македонија.
Според статутот, органи на Националната организација Слоу Фуд Македонија се: Национален одбор и Национален совет.

Националниот одбор (НО) е управен и извршен орган на организацијата, кој се состои од 5 члена и ги спроведува одлуките на Националниот конгрес, кој го врши неговиот избор. Претседателот на Националниот одбор е овластен Застапник пред закон. Членови на НО се:

Николче Николовски, претседател на НО
Василка Стефановска, член
Д-р Соња Србиновска, член
Слободен Чокревски, член
Микеле Румиц, член

Националниот совет (НС) е орган на Слоу Фуд Македонија, кој го сочинуваат сите Претседатели на локалните здруженија на Слоу Фуд, Овој орган врши контрола на спроведувањето и почитувањето на Статутот на Слоу Фуд Македонија, правилниците и деловниците за работа и надзор на финансиското и материјалното работење на органите и телата на Слоу Фуд Македонија и на локалните здруженија. Членови на НС се:

Страшко Милошевски, преседавач на НС, лидер на Слоу Фуд Осогово
Игор Поповски, член, лидер на Слоу Фуд Битола
Оливера Стефановска, член, лидер на Слоу Фуд Богданци
Нако Кимов, член, лидер на Слоу Фуд Валандово
Антигона Костадинова, член, лидер на Слоу Фуд Гевгелија
Илинка Веселоновиќ, член, лидер на Слоу Фуд Дојран
Здравко Каров, член, лидер на Слоу Фуд Тиквеш
Тодорка Наумоска Димески, член, лидер на Слоу Фуд Прилеп
Билјана Митревска, член, лидер на лидер на Слоу Фуд Млади Македонија

Организацијата поседува канцеларија со 3 вработени лица, со седиште во Битола, а помага во спроведување на целите на мрежата, извршува административни работи за одржување и развој на мрежата, помага на конвивиумите во нивното работење и развој, и извршува други административни обврски.
Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ развива партнерски односи со повеќе институции и организации и е дел од неколку регионални и меѓународни мрежи.

Слоу Фуд Македонија низ бројки

Национална организација Слоу Фуд Македонија покрај развојот на своите програми е фокусирана на јакнење на локалната мрежа на конвивиуми и воспоставување на нови конвивиуми. Мрежата претставена во бројки изгледа вака:

100.000 поддржувачи и следбеници
600 производители
350 членови и активисти
20 програми и иницијативи
10 конвивиуми
5 президиуми
1 младинска мрежа

Slow Food® Macedonia

СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА ВО АКЦИЈА

Во прилог се активности и настани кои ја одбележаа 2023 година.
Слоу Фуд Македонија и конвивиумите имаат профили на социјалната мрежа Facebook каде има објави за активностите.

АКЦИЈА: ЦВЕТНИ БОМБИ

Опрашувачите како пеперутките, пчелите и бумбарите играат клучна улога во одржувањето на биодиверзитетот и одржувањето на системот на храна, со опрашување на култури кои завршуваат како храна на трпезите. Без нив, голем број диви и култивирани растителни и животински видови повеќе нема да постојат.

Слоу Фуд Македонија веќе трета година организира кампања за подигање на свеста за драматичното опаѓање на опрашувачите и биодиверзитетот заради употреба на токсични пестициди и монокултури за да ги охрабри луѓето да преземат активности за подобра иднина.

Кампањата беше насловена „Пролетна офанзива: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА!“ и се реализира од 10 до 20 март 2023 преку социјалните мрежи, а истата повикува на мобилизација со изработка на Цветна бомба и нејзино фрлање во недостапни области како што се запуштени локации, ниви или покрај патиштата. Цветната бомба е топче составено од комбинација на компост, глина и семиња, а компостот и глината имаат улога на носители на семињата.

Слоу Фуд Македонија ги повика своите конвивиуми и училиштата да се вклучат во оваа акција, а подготвените бомби заедно да ги фрлат ширум Македонија на 21 март - денот на пролетта.

Slow Food® Macedonia























www.slowfood.mk
www.slowfood.com


Slow Food®
Macedonia
ФРЛИ
ЦВЕТНА
БОМБА
21 март 2023
ширум Македонија
Да ги зачуваме пчелите,
да го зачуваме биодиверзитетот!





ФЕСТИВАЛ НА ДИВИТЕ СМОКВИ

Локална манифестација

Една од главните цели на Slow Food е заштита на биодиверзитетот и на локалните традиционални еко производи на кои им се заканува исчезнување, преку воспоставувањето на Президиуми низ целиот свет. Слаткото од диви смокви е прв президиум од Македонија и истиот се промовира низ маркетите и саемите за здрава храна во Италија, Франција, Швајцарија, Бугарија, Турција, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија и Романија.

Фестивалот на диви смокви е во организација на Президиум Слатко од диви смокви и се одржува секоја година на различна локација по систем на ротирање - во Богданци, Дојран и Валандово. Настанот го организира Слоу Фуд Еко Росалес од Богданци, а концептот е промоција на Слаткото од диви смокви. Овогодинешното издание на фестивалот се одржа во недела 14.05.2023 год. во 12 часот, во градскиот парк во Богданци, а беше помогнато од Слоу Фуд Македонија, Општина Богданци и многу локални правни лица.

Посетителите на настанот имаа можност да го видат целиот процес на варење на слатко од диви смокви, да го дегустираат, да разменат рецепти и искуства и да ги посетат штандовите со производи на мали производители од Валандово, Скопје, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Прилеп, Битола, Берово, Дојран.

За реализација на активностите беа ангажирани шест домаќинки од Богданци кои го презентираа целиот процес на подготовка на слатко, а целиот настан беше збогатен со културно-уметничка програма во која учество зедоа: Пензионери пеачка група, К.У.Д „Бранд Петрушев“, Слободанка Арнаудова, Фониа, Марија Ичкова, Ице Горичев, Валери Заров, Здравко, Ристо-Тарабан и Милош, и Ф.А. „Мегдан“.






Slow Food
Eco Rosales
Bogdanci
Фестивал на
14.05.2023
Недела
12:00
Градски
парк
Богданци
дивите смокви
Помагатели
СОФИЈА
BADZO
breboEkoTex
Hortena
Martin Shopchev
TRANSPORT
АМПА-ПРОМ
РИ-ВЕ ТРАНСПОРТ
ГОКИ ТРАВЕЛ
САР МЕС

Slow Food® Macedonia

ФЕСТИВАЛ НА БИОДИВЕРЗИТЕТ

Локална манифестација

Фестивалот на биодиверзитетот е настан во организација на СФ Водно. Настанот се одржа во Паркот на Франкофонијата во Скопје, со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Овогодинешното издание на настанот кој се одржа на 17.06.2023 беше под мотото: Коктел на вкусови. На настанот зедоа учество 40 изложувачи од земјава, од кои 21 од Скопје. Беа презентирани гастрономски деликатеси во тегли, пинџур, џем, слатко, намази, традиционални козји, кравји и секакви сирења, сувомеснати производи сушени на дрва.

Освен дегустација на производите, кои можеа и да се купат, во програмата на фестивалот се претставија и крафт пиварии, коктел мајстори кои приговуваа коктели од пијалоци на локалните производители, а за најмладите имаше детско катче со работилница од програмата на проектот Училишни градини на Слоу Фуд Македонија.













Slow Food® Macedonia

ВКУСИ ЈА ТРАДИЦИЈАТА

Национален саем за храна и пијалоци

Второто издание на овој национален саем за храна и пијалоци во организација на Слоу Фуд Македонија се реализира во Градски Парк во Скопје на 07.10.2023 год, а со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Германското федерално Министерство за економска соработка и развој, преку Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) во Скопје.





Настанот беше отворен со поздравни говори од страна на премиерот Димитар Ковачевски и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, а свој говор одржаа и директорот на ГИЗ за Северна Македонија и Косово, Давид Оберхубер и младиот земјоделец, претставник од Слоу Фуд Македонија, Филип Димкоски.



На настанот имаше 45 павилјони и 80 штандови на кои над 400 производители презентираа околу 2000 производи. Посетителите можеа да дегустираат, но и да купат слатко од капини, мармелади, џемови, ајвар, зимници, вино, ракија, пиво и ликери облагородени со разни растенија, мед, маџун, јаболков оцет од диви кисели јаболка, сирења, ореви, кошмишпите, ѓомлезе, комат, млечни намази, путер од лешник, бадем и кикирики, буковска пипер, сувомесни производи сушени на дрво, масла од тартуфи и уште многу други производи.

Во еден дел се наоѓаа малите семејни винарии, во централниот дел дестилерии, а на спротивната страна здружението на лозари. Свое катче имаа и одгледувачите на овци, како и малите индивидуални претпријатија.

Во друг дел беше поставена кујна која се користеше за готвење, презентирање и послужување на традиционални јадења и прехранбени производи. Главен готвач на кујната беше Зоран Мајновски кој изработи мени, обезбеди продукти и ја координираше работата на другите готвачи. Учество зедоа 4 готвачи од Слоу Фуд Алијансата на готвачи - Зоран Мајновски, Маре Јаневска и Димитар Арнаудоски, а Даниела Лазаревска како готвач асистент, кои направија и презентираа повеќе од 20 курсеви. Со нивниот ангажман се прикажаа интересни традиционални производи, типични само за некои региони, а во други непознати и се демонстрираа нови комбинации и начини на подготовка на традиционални производи.











Во рамки на настанот беше организиран павилјон за анимација и едукација на деца, каде активностите ги изведуваа едукатори од Слоу Фуд училишни градини Филип Димкоски и Јасна Ѓоргиевска. Учество на настанот зедоа и приватната градинка „Светот на Колорес“ и училиштето за готвење „Лазар Танев“од Скопје.

Настанот хостира и штанд за институциите поврзани со земјоделството, каде претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство и националната Агенција за поддршка и развој на земјоделството, делеа летоци и информации на заинтересираните. Целиот настан беше збогатен со музичка програма и настап на фолклорен ансамбл.







ВКУСОТ НА БУКОВО

Локална манифестација

Вкусот на буково е манифестација која ја организира Президиумот Буково - здружение за заштита и промоција на буковската пиперка. Концептот на овој настан е промоција на буковската пиперка и буковската пипер, а во духот на слоу фуд овој настан го промовира пријателството и храната.

Оваа година манифестацијата се организираше по петти пат, на ден 01.10.2023 во недела, со почеток од 12 часот, во дворот на црквата „Св. Димитрија“ во село Буково. Гостите беа пречекани од две девојчиња од селото облечени во традиционална селска носија, кои стоеја на влезот на местото на настанот и на гостите им нудеа топол леб и пипер (традиција во селото). На отворањето се обрати Елена Каровска Гошевска, претставник од Слоу Фуд Македонија.

Во содржината на настанот беше вклучена работилница за деца, која ја подготви дипломиран психолог Јасна Ѓорѓиевска од ОУ Гоце Делчев - Могила, член на Слоу Фуд и едукатор од програмата Училишни градини на Слоу Фуд Македонија. На работилницата преку повеќе методи и со различни материјали децата научија за биолошката разновидност на пиперката и алтернативното користење на пиперката во уметноста, а во активноста се вклучија повеќе од 30 деца.

Беше одржана работилница за изработка на пипер која се реализира во сушницата каде што производителите ја изработуваат Буковската пипер, а работилницата ја водеше Даниела Мандровска која е една од поактивните производители на буковска пипер.
Настанот содржеше дегустација на повеќе типични јадења кои содржат буковска пиперка и буковска толчена пипер - печени суви пиперки со лук, печени свежи пиперки со грав, толчени суви пиперки со компири, полнети пиперки, пиперки со домата, зелници и кифлички со пипер итн.

Целиот настан беше збогатен со музика, клупи за седење и дружење и пазарче на фармери со што се создаде убава атмосфера и убаво место за дружење за околу 250 лица кои го посетија настанот.





Slow Food® Macedonia











Slow Food® Macedonia

МЛЕКО 2023

Национална манифестација

Оваа манифестација се одржува од 2014 година, а овогодинешното издание беше под мотото: Вкусот на ливадите - инспирирано од млеката од различни раси се разликуваат исто колку и расите меѓусебно; пасиштата на кои паселе – планини, ридови, долини или чистинки; и сезоната во која било направено сирењето. Сите овие елементи се забележуваат во крајниот производ, комбинирајќи се на безброј начини за да ги дадат уникатните сирења кои ние ги сакаме.



Станува збор за манифестација, која претходно се одржуваше на секои две години од 2014 година наваму на различни локации, меѓутоа од минатата година се одржува во Прилеп и идејата е да се одржува еднаш годишно.

Настанот се одржа на 02.09.2023 год. во прилепската чаршија, кај Саат кулата, од 10 до 18 часот, во организација на Слоу фуд Прилеп и Слоу фуд Македонија, а со поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Општина Прилеп.

Овој целодневен настан опфати изложба на сирења и млечни производи, но и на други производи кои одат во пар со сирењата. На штандовите во рамки на настанот се промовираа малите македонски млекопроизводители со своите уникатни млечни производи, така што имаше можност да се пробаат бели сирења од различни региони, биено сирење од кравјо или овчо млеко, козји тврдо зреени сирења или сирења што многумина би го именувале со кашкавал, изварка во повеќе варијации и слично.

За поубаво искуство на посетителите вклучени беа производители на продукти кои одлично се вклопуваат со млечните производи како вина, мед, слатка, тестетнини, крафт пива, сувомеснати производи, ракии и ликери, намази, зимници и сл. Освен тоа, на настанот беа вклучени и мали производители на природна козметика која вклучува млеко во својата изработка, меѓу кои и најздравите млека како магарешкото и козјото.

Освен презентации и дегустации во рамки на настанот беше организирана Панел дискусија на која учествуваа млекопроизводители и експерти од областа. Настанот имаше и активности за најмладите - две едукативни и забавни работилници за деца водени од едукатори од Слоу Фуд Училишни градини, како и музичка програма.

Од присутните изложувачи на сирења, беше избран еден делегат кој заедно со веќе дефинирана делегација ќе ја претставува Македонија на меѓународниот настан посветен на сирењата и млеката од целиот свет - Cheese 2023, во Бра, Италија.















CHEESE 2023

Интернационален фестивал на сирење

„Cheese“ е светски фестивал посветен на природните сирења и занаетчиски млечни производи, во организација на Slow Food International и Citta di Bra, со поддршка од Regione Piemonte, а се одржува во Бра, Италија на секои две години. Оваа година настанот се одржа по 11-ти пат, од 15-ти до 18-ти септември.



Овогодишната прослава на сирење и млечни производи на едно место ги собра сите мајстори за сирење, сточари, производители и експерти од целиот свет кои ги претставија своите производи, споделија идеи и заеднички решенија за предизвиците со кои се соочуваат, почнувајќи од климатската криза. Овој четиридневен настан е суштински важен за целата планета. Настанот е секогаш отворен за сите љубители на сирење, а оваа година посетителите имаа можност да присуствуваат на конференции, дегустации и работилници или вкупно 122 настани, и да уживаат во производите на изложувачите од 14 различни земји.

Делегација од Македонија организирана од Слоу Фуд Македонија, со поддршка од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, учествуваше на фестивалот со интересна програма на дегустации и активности. Делегацијата беше составена од 16 члена: 7 производители, 2 претставници од Слоу Фуд Прилеп, 3 готвачи, 2 претставници од стручната фела (професори), 1 новинар, 1 претставник од извршната канцеларија на Слоу Фуд Македонија.

Елена Каровска Гошевска, програмски координатор во Слоу Фуд Македонија учествуваше на конференцијата „Септември: време на сезонско селење на стоката“. Горан Алексовски – член на президиумот македонска пчела (MacBee) го претстави медот од својот пчеларник, козјото сирење на Даниел Мирчевски од Прилеп беше парче што мора да се проба на дегустацијата насловена „Спарување на сирењата со италијанските мускат вина“, а голем интерес предизвикаа и биеното сирење на Спасе Чакревски и овчкото на Арбана Маркоска од прилепскиот регион.

Taste Macedonia беше насловот на работилницата на која Слободен Чокревски и Ангела Пасквале ги презентираа македонските гастрономски брендови преку храната подготвена од готвачите Димитар Арнаудоски и Пеце Клечкароски, а во комбинација со јадењата се пробаа вината од Винарија Наумчеви, Винарија Брзанов, Винарија Ерос и жолтата ракија од В’К.

Slow Food® Macedonia

Штандот на Слоу Фуд Македонија со препознатливата македонска љубезност и гостопримство понуди интересна програма на разновидни дегустации и активности.

Слоу Фуд Македонија е особено горда на Давид Неделковски кој ја доби наградата „Slow Cheese“, награда со која им се оддава почит на сточарите и производителите на сирење кои работат, респектирајќи ги природата, традицијата и благосостојбата на животните, а се доделува на мали производители кои опстојуваат и покрај сите предизвици. Давид Неделковски е сопственик на фармата „Кози Млеко Планина“ во с. Раштак и одгледува алпски и домашни балкански кози а произведува неколку видови на свежи и зреени сирења.









Slow Food® Macedonia

НОВОГОДИШЕН СЛОУ ФУД БАЗАР

Дел од зимска приказна битола

На 30.12.2023 се одржа Слоу Фуд базар во склоп на Зимска приказна која ја организира Општина Битола. Учество зедоа производители од Слоу Фуд Македонија, а беа сместени во Старата чаршија покрај реката Драгор.











ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

ВОДИЧ ЗА ПРИМЕНЕТА ФЛЕКСИБИЛНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО И СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА ОД МАЛ ОБЕМ

Главната цел на проектот беше креирање на насоки за флексибилен HACCP, обезбедување консултации, менторство и обука во процесот на регистрација на производители на храна од мал обем.

Овој проект беше поддржан од регионалниот проект „Поддршка на економската диверзификацијата на руралните области во Југоисточна Европа (СЕДРА)“ финансиран од Федералното министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) и Regional Rural Development Standing Working Group in SEE (SWG RRD).

За реализација на задачата беа вклучени три стручни лица - проф. д-р Соња Србиновска, Елена Каровска Гошевска и Николче Николовски. Беше креирана листа од 50 производители од животински и неживотински производи со потенцијал и интерес за регистрација на своите производствени капацитети и истите беа контактирани за анкетирање за количината и начините на производство, поседување на објект за производство, степенот на опрема, нивно знаење (професионално или стручно) во врска со безбедноста на храната и техниките на производство.

Понатаму беа повикани 28 производители да го потврдат својот интерес за регистрација, од кои 17 беа посетени на местото на нивниот производствен погон во период од 25.06.2022 до 30.10.2024. Од овие посети произлезе и создавање на концептот, главната содржина, наративот и основите на Водичот или упатството за регистрација на производители на храна од мал обем.

Водичот ги илустрира општите правила и имплементација на GHP и GPP, како и HACCP преку содржина која е илустративна, детална, јасна и поедноставена со табели и графикони. Истиот опфаќа насоки за изглед на производствениот објект, одредени технички решенија, имајќи предвид одредени специфичности како што се малите димензии, неправилните форми на објектите или неконвенционалната опрема која ја употребуваат малите производители, опфаќајќи го на тој начин практичниот момент.

Водичот е составен од три дела - воведен дел кој го опишува водичот, целта и правната основа на која се заснова, целта и целната група на која се однесува и накратко објаснува и одговара на најчестите прашања што се појавуваат во врска со примена и потреба од процедури и системи за безбедност на храна. Вториот дел кој е општ, има за цел едукација со општо стручно знаење за контаминација на храната со агенси кои можат да бидат штетни по здравјето на луѓето, начините на кои што може да се случи контаминација, важноста на добрите практики (и кои се) - предусловни програми, генерално начини за примена на HACCP системот и флексибилноста што се нуди. Третиот или практичен дел е збир на технички решенија за различни сегменти од примената на флексибилниот HACCP дадени преку конкретни примери (7 различни видови на

продукција) трансформирани во генерички модели. Во овој дел има цртежи од објекти и поставување на опрема во нив, дијаграми за производство, обрасци на движење, табели за следење итн. Во практичниот дел водичот опфаќа седум специфични пилот технички решенија за најчестите традиционално произведени производи и занаетчиски изработки. Водичот содржи прилог Барање за регистрација и други формулари потребни за регистрација.

Во текот на проектот регистрирани се 5 производители (до 01.11.2022 година) а уште 3 производители се половично подготвени и во тек на регистрација. Од вкупно 8 производители во процесот на регистрација, 2 се жени. Од вкупно 17 посетени производители од мал обем 5 се жени, а 3 се млади луѓе (помлади од 30 години). Според состојбата на производителите со кои разговаравме, мнозинството производители на агро-храна ќе бидат подготвени теоретски или во техничка смисла за да се регистрираат во најблиска иднина.





ПОЛЖАВЧЕ

Списание на Слоу Фуд Училишни градини

Семето-ркулец на животот е носечка тема на третиот број на списанието за училишните активности на Слоу Фуд Македонија, „Полжавче“, кое излезе во 2023 год.

Станува збор за списание кое првпат е објавено во 2020 година во рамките на програмата Слоу Фуд Училишни градини која има за цел подигнување на свеста кај чинителите на образовниот процес од важноста на воведување на градинарството во рамки на образованието и формирање на училишни градини. Досега во оваа програма се вклучени дваесет училишта од Македонија.



Воведот во списанието напишан на македонски, италијански и англиски јазик не упатува кон содржините на третиот број на „Полжавче“. Покрај што се опфатени активностите на училиштата во нивните училишни градини, списанието голем простор остава и за детската креативност, но и за стручни текстови кои имаат едукативна улога не само за учениците туку и за наставниците и родителите. Така, во овој број на теми поврзани со семето, важноста од зачувувањето на автохтоните и старите сорти кои се основа за одржување на биодиверзитотетот пишуваат проф. д-р Соња Ивановска и проф. д-р Звезда Богевска од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Билјана

Гевероска од Научниот институт затутун во Прилеп, м-р Билјана Дрвошанова од Земјоделскиот институт во Скопје, нутриционистот Тодорка Наумоска Димески и секако со своите видувања и идеи вклучени се голем број наставници без кои не може да се прошири идејата за основање на училишните градини.

„Земјата е најдобра банка. Ставаш семе во неа, а таа бесплатно го размножува. Така рекол и запишал некој мудар човек. Е, сега нам ни останува задачата да избереме добро семе, оти, нели, според старата македонска поговорка: Што ќе посееш, тоа ќе жнееш“. Семињата и дечињата имаат поврзаност меѓу себе. Семето е потенцијал за новото растение, а детето е семе од косе се раѓа човекот. Ние водиме грижа и за едните и за другите“- вели Филип Димкоски, главен и одговорен уредник на „Полжавче“.

Во списанието се наоѓаат и забавни прилози, занимливости и креативни активности, овојпат благодарение на ликовниот уметник Филип Цакоски, поместен е и стрип, раскажувалка преку илустрации и содржини за дополнување, боење и поврзување. Тука се и гатанките, песните и расказите. Во овој број поместен е и расказот Градинче од еминентната македонска писателка Бистрица Миркуловска, чија книга за деца „Цвеќенца“ е прва книга за деца, напишана од жена, во македонската литература. Остварена е и меѓународна соработка со САД преку прилогот на Мара Велтон, посветен на амаериканските училишни градини.

Особено внимание е посветено на техничкото уредување и графичкото обликување кое од првиот број го прави дизајнерот Горан Трсунов, лектурата е на Марина Василевска Геческа, илустратори се Филип Цакоски и Владимир Здравески, а насловната фотографија е на Концепт продукција. Фотографиите во списанието се на Андреја Котески и од архивите на Слоу Фуд Македонија. Отпечатено е во печатницата Бабук во Битола, а издавач е Слоу Фуд Македонија.

Списанието во печатена форма ќе биде достапно на сите настани на Слоу Фуд Македонија, а електронската верзија наскоро ќе биде достапна на официјалната страница на Слоу Фуд Македонија: www.slowfood.mk

УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ

Едукаторите од училишни градини освен работата со училиштата, вклучени се во секој настан кој се организира од Слоу Фуд Македонија или од нејзините конвивиуми, бидејќи во секој настан е предвидено катче и активности за нашите најмлади посетители.

АЛИЈАНСА НА ГОТВАЧИ

Членовите од Алијаса на готвачи се вклучуваат во сите активности со дегустации кои ги организира Слоу Фуд Македонија, конвивиумите или како гости на други настани.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШАЈ

ЕМБС: 07280882
Целосно име: Национална организација СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	1.943.755,00			3.534.985,00
202	- - Потрошени материјали	150.359,00			165.852,00
203	- - Потрошена енергија				22.098,00
204	- - Други услуги	166.056,00			2.707.341,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	280.216,00			62.000,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	236.436,00			176.217,00
209	- - Наемнини	1.110.688,00			65.000,00
210	- - Други материјални расходи				336.477,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	763.223,00			760.065,00
212	- - Провизија за платен промет	10.984,00			20.586,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	11.899,00			328.378,00
217	- - Негативни курсни разлики	209,00			9.902,00
219	- - Други расходи	734.131,00			19.899,00
220	- - Издатоци за меѓународна соработка				30.747,00
221	- - Пренесени средства	6.000,00			350.553,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)				0,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)				0,00
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)	293.443,00			336.598,00
231	- - а) Вкалкулирани плати	293.443,00			321.598,00
232	- - б) Вкалкулирани надомести				15.000,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	63.424,00			52.666,00
234	- - Вонредни расходи				173.656,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	3.063.845,00			4.857.970,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	287.062,00			1.006.642,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	287.062,00			1.006.642,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	3.350.907,00			5.864.612,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)				220.000,00
242	- - Приходи од услуги				220.000,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	2.811.140,00			4.848.182,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини	62.630,00			315.368,00
246	- - Сопствени приходи	290.604,00			

247	- - Други приходи	147.000,00		194.000,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	39.533,00		287.062,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249	3.350.907,00		5.864.612,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	3.350.907,00		5.864.612,00
438	- - Број на работници	1,00		1,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	47.293,00	74.527,00	42.140,00	32.387,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	47.293,00	74.527,00	42.140,00	32.387,00
6	- - Опрема	47.293,00	74.527,00	42.140,00	32.387,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	501.062,00	1.356.642,00		1.356.642,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	287.062,00	1.006.642,00		1.006.642,00
12	- - Жиро сметка	287.062,00	1.006.642,00		1.006.642,00
21	- - КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА	19.000,00	165.000,00		165.000,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	195.000,00	185.000,00		185.000,00
27	- - Други активни временски ограничувања	195.000,00	185.000,00		185.000,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	548.355,00	1.431.169,00	42.140,00	1.389.029,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	47.293,00			32.387,00
45	- - Деловен фонд	47.293,00			32.387,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061)	195.000,00			185.000,00
56	- - Други краткорочни обврски	195.000,00			185.000,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	306.062,00			1.171.642,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	287.062,00			1.006.642,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	19.000,00			165.000,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	548.355,00			1.389.029,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
676	- - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР)	563.788,00			19.899,00
680	- - Плати(< или = на АОП 231 од БПР)	207.660,00			218.430,00
681	- - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР)	74.384,00			90.334,00
	- - Даноци на плати(< или				

682	= на АОП 231 од БПР)	11.399,00			13.834,00
683	- - Надомести на плати(< или = на АОП 232 од БПР)				15.000,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	2.811.140,00			4.848.182,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	1,00			1,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	287.062,00			1.006.642,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	287.062,00			1.006.642,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	287.062,00			1.006.642,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2598	- 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место				5.864.612,00

Потпишано од:

SLOBODANKA VELJANOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581,
OU=KIBSTrust Services, O=KIBS
AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Северна Македонија